A-PDF Image To PDF Demo. Purchase from www.A-PDF.com to remove the watermark

КОМУНАЛНО ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
ВОДНА КУЛА
Бр. 03-264/1
11.12 2023 год.
ЗРНОВЦИ

Друштво за проектирање, инженеринг, трговија и услуги
МГ ПРОЕКТ ДООЕЛ
Бр. 03-1407/2
13.12 2023 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР ЗА ЈАВНА НАБАВКА

**за изработка на проектна документација - основен проект (елаборат и ревизија) за изградба на капела во Општина Зрновци**

**Склучен на ден : 11.12.2023 год.,помеѓу:**

I.

ДОГОВОРНИ СТРАНИ

**1. КЈП„Водна кула„-Зрновци Општина Зрновци, со седиште на ул. “Илинденска“ бб, Зрновци, застапувано од Горан Кокев , Директор , (во натамошниот текст: *Нарачувач*) од една страна и**

**2. Друштво за проектирање, инженеринг, трговија и услуги МГ ПРОЕКТ ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. „Никола Парапуов„ бр.27-3/20 -Скопје, со ДБ: 4057018540211 , ЕМБС: 7266960 , жиро с-ка 270072669600176,** депонент на Халк Банка, застапувано од управител Љубомир Терзиоски, (во натамошниот текст- Носител на набавката).

Член 1

Со овој договор се уредуваат меѓусебните права и обврски на договорните страни во врска со извршувањето на услугите за изработка на основен проект за изградба на капела во општина Зрновци, за потребите на општина Зрновци

II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 2

**Предмет на овој Договор е -** *Изработка на техничка документација –Основен проект (елаборат и ревизија) за изградба на Капела во с.Зрновци за потребите на КЈП ,,Водна Кула,, Зрновци,за Дел 1 од предметот на јавната набавка* - **Изработка на проектна документација (основен проект) за изградба на капела во општина Зрновци.**

Предметот на набавка од ст.1 на овој член е детално опишан во техничката спецификација, составен дел на тендерската документација бр.09-993/3, изработена од Набавувачот, а по Одлука за јавна набавка бр.09-993/1 од 18.09.2023 год., за спроведување на Набавка од мала вредност, со користење на електронски средства преку Електронскиот систем за јавни набавки со е-Аукција, како последна фаза за доделување на договорот за конкретната јавна набавка.

Договорот за јавна набавка се склучува врз основа на прифатена конечна понуда по е-аукција бр.09-993/39 од 07.12.2023 год. , поднесена од Носителот на набавката , по Огласот за доделување на договор за јавна набавка бр. 16597/2023 објавен на ЕСЈН на ден 19.09.2023 год. , а врз основа на Одлуката за избор на најповолна понуда број 09-993/31 од 28.11.2023 година, донесена од одговорното лице на Набавувачот.

## III. ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

Член 3

Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот е Македонски јазик.

Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е на Македонски јазик.

## IV. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 4

Вкупната цена на услугата, предмет на овој договор, согласно постигнатата цена на електронската аукција изнесува 247.420,00 денари вклучувајќи ги сите трошоци и попусти , без ДДВ.

ДДВ 18% изнесува 44.535,60 денари.

Вкупната цена на договорот, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти со вклучен ДДВ изнесува 291.955,60 денари.

Финансиските средства се обезбедени во Буџетот на КЈП „Водна кула„ Зрновци.

Член 5

Поединечната цена искажана во понудата е фиксна и непроменлива по било кој основ за целокупното времетраење на договорот.

## V. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 6

Договорот се склучува за временски период од една година, од денот на неговото потпишување на договорот или за пократок временски период доколку вредносно биде исполнета набавката.

## VI. РОК ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГАТА

Член 7

Вршителот на услугата е должен услугата која е предмет на набавка да ја изврши во рок од 60 календарски денови од денот на приемот на писмен налог од страна на овластенбо лице на Договорниот орган.

## VII. ДИНАМИКА И НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ

Член 8

Носителот на набавката е должен услугата која е предмет на договорот да ја изврши и испорача на следниов начин:

Проектот да се изработува на ниво на основен проект согласно важечките прописи во 4 хартиени примероци и еден во дигитална-електронска форма компактибилна со електронската форма во која се изготвуваат катастарските планови и согласно правилникот за содржина на проектите, означувањето на проектот, начинот на

заверка на проектот од страна на одговорните лица и начинот на користење на електронските потписи.
Носителот на набавката е должен да го запази и во дадениот рок да ги изврши нарачаните услуги, во спротивно Договорниот орган го задржува правото да пресмета договорна казна, а во случај на не запазување на дадените рокови, Договорниот орган ќе го откаже договорот, по претходно писмено известување.

## VIII. НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

Член 9

Договорниот орган се обврзува плаќањата за извршените услуги да го изврши согласно прифатената понуда и тоа по стварно извршени услуги и издадено позитивни мислење од страна на стручна ревизија, вирмански во рок од 60 дена по приемот на потпишани и заверени фактури, доставени во архивата на договорниот орган.

Член 10

За ден на прием на фактурата ќе се смета денот кога фактурата е заведена во архивата на Договорниот орган.

## IX. ОБВРСКИ НА ДАВАТЕЛОТ НА УСЛУГАТА

Член 11

Давателот на услугата е должен работите од член 2 на овој Договор да ги изврши на начин и во роковите што се определени со овој Договор, според прописите и правилата на струката.

Член 12

Давателот на улсугата е должен навремено и детално да ја проучи техничката документација врз основа на која се извршуваат договорените работи и од договорниот орган навремено да бара појаснување на недоволно јасните детали.

Давателот на услугата има обврска сите позиции за извршување, потребните геодетски-катастерски подлоги, теренски снимања, податоци, ажурирани подлоги и позитивн мислење за проектираниот степен на механичка отпорност, стабилност и сеизмичка заштита на градбата да ги обезбеди на сопствен товар.

## X. ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

Член 13

Договорниот орган е должен да ги прецизира сите детали во поглед на давањето на услугата, со што би се овозможило несметано извршување на услугата.

Член 14

Договорниот орган е должен да постапи по барањето на давателот на услугата, со кое бара објаснение на недоволно јасните детали и во примерен рок да му го даде бараното објаснение.

Член 15

Договорниот орган се обврзува дека плаќањето за извршената услуга ќе го врши на начин и во рокови утврдени со овој договор.

## XI. ОДГОВОРНОСТ ЗА МАТЕРИЈАЛНИТЕ НЕДОСТАТОЦИ

Член 16

Материјален недостаток постои ако:

-Услугите според понудата ги немаат потребните својства за намената за која се извршуваат,

-Услугите ги немаат својствата и одликите што се договорени-пропишани во техничката спецификација.

Член 17

Набавувачот е должен доколку открие одредени недостатоци на примената услуга, веднаш или најдоцна во рок од 8 (осум) дена да го извести Носителот на набавката. Во спротивно Носителот на набавката нема да одговара за недостатоците.

Носителот на набавката го гарантира квалитетот на извршената услуга.

## XII. РАЗЛИКА ВО ЦЕНИ

Член 18

Не се предвидува корекција на единечната цена, искажана во понудата која е резултат од негативното наддавање во текот на електронската аукција и како постигната најниска цена ќе биде фиксна и непроменлива по било кој основ за целото времетраење на договорот.

## XIII.ВИША СИЛА

Член 19

Набавувачот и Носителот на набавката се согласни ниту една договорна страна да не поднесува одговорност-губиток, доколку се работи за губиток предизвикан од виша сила, согласно утврдените случаи на виша сила со Законот за облигациони односи.

Ако една од договорните страни е спречена заради Виша сила, должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за Вишата сила и по можност обезбедувањена соодветен исказ.

По отстранување на Вишата сила Договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување на договорот или раскинување на Договорот.

## XIV.РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

Член 20

Сите евентуално настанати спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, првенствено договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.

Доколку не се договори обострано прифатливо решение сите евентуални спорови ќе ги решава Основниот суд во Кочани.

## XV.РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 21

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни својата обврска, другата договорна страна може да бара исполнување на обврските или да го раскине Договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

Кога пред истекот на рокот за исполнување на обврската е очигледно дека едната договорна страна нема да ја исполни својата обврска од договорот, другата договорна страна може да го раскине договорот и да бара надомест на штетата.

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е за тоа без одлагање писмено да ја извести другата договорна страна.

Со раскинувањето на договоорт двете договорни страни се ослободени од своите обврски, освен од обврската за надомест на евенутуалната штета.

## XVI.ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

Член 22

За се што не е предвидено со овој Договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи и позитивните законски прописи на Република Северна Македонија.

## XVII.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 23

Измени и дополнувања на Договорот можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат, исклучиво со Анекс Договор кој одговара на одредбите на Законот за јавни набавки и Тендерската документација.

Член 24

Овој Договор е склучен во 4 (четири) истоветни примероци од кои 2 (два) за Набавувачот и 2 (два) за Носителот на набавката.

| | |
|---|---|
| **НАБАВУВАЧ,** | **НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА,** |
| КОМУНАЛНО ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ВОДНА КУЛА ЗРНОВЦИ | Друштво за проектирање, инженеринг, трговија и услуги МГ ПРОЕКТ ДООЕЛ |

**Прилог:**Понуда после е-аукција со Спецификација бр.09-993/39 од 07.12.2023 год.